# ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК
# ЗА РАНГИРАЊЕ НА ЏУДО КЛУБОВИТЕ И НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

Скопје, 2026 година

# ПРАВИЛНИК
# ЗА РАНГИРАЊЕ НА ЏУДО КЛУБОВИТЕ И НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

Член 1

Со овој Правилник се регулира начинот и постапката за рангирање на џудо клубовите и натпреварувачите.

Воедно со овој Правилник се стимулира и унапредува севкупната работа и активноста на џудо клубовите во системот на државните натпреварувања на ЏФСМ.

Член 2

За севкупен пласман на клубовите ќе се рангираат резултатите од:

- Поединечните државни првенства за сениори-ки, помлади сениори-ки, јуниори-ки, кадети-ки, пионери-ки, помлади пионери-ки, и деца
- Екипното државно првенство за сениори-ки, јуниори-ки, кадети-ки и пионери-ки. (Одлука за одржување на екипно државно првенство во одредена возрасна категорија донесува Извршниот одбор на предлог на Стучниот совет).

Член 3

За севкупен пласман на натпреварувачите ќе се рангираат резултатите од:

- Поединечните државни првенства за сениори-ки, помлади сениори-ки, јуниори-ки, кадети-ки, пионери-ки, помлади пионери-ки, и деца
- Поединечни балкански првенства, европски првенства, светски првенства, европски купови, олимписки игри за млади и олимписки игри.
- Екипните првенства каде настапиле како членови во составот на државната џудо репрезентација.

Член 4

При рангирањето на клубовите ќе се применува следниот соодност помеѓу:

- Вид на натпревари: Екипен – Поединечен / 1 : 1

Член 5

За рангирањето на клубовите за 3те првопласирани во секоја тежинска категорија на поединечните државни првенства ќе се применува следната табела:

| Пласман | Сениори-ки | Помлади Сениори-ки | Јуниори-ки | Кадети-ки | Пионери-ки | П. Пионери | Деца |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I место | 16 | 14 | 12 | 8 | 4 | 3 | 2 |
| II место | 8 | 7 | 6 | 4 | 2 | 1,5 | 1 |
| III место | 4 | 3,5 | 3 | 2 | 1 | 1 | 0,5 |

Член 6

За рангирањето на клубовите за 3те првопласирани на екипните државни првенства во мешан состав ќе се применува следната табела:

| Пласман | Сениори-ки | Јуниори-ки | Кадети-ки |
|---|---|---|---|
| I место | 16x6=96 | 12x6=72 | 8x6=48 |
| II место | 8x6=48 | 6x6=36 | 4x6=24 |
| III место | 4x6=24 | 3x6=18 | 2x6=12 |

Член 7

На поединечните натпревари пооделно по старосни категории во случаи кога два или повеќе клубови при пресметување на екипен пласман имаат ист број на бодови за повисоко рангиран ќе се смета клубот кој има повеќе први, втори и на крајот трети места.

При пресметување на севкупен пласман од сите поединечни натпреварувања, во случај кога два или повеќе клубови имаат ист број на бодови за повисоко рангиран ќе се смета клубот кој има подобар пласман најпрвин на сениорските, а потоа на јуниорските, кадетските и на крајот пионерските натпреварувања.

Член 8

За најуспешен џудо клуб во државата во машка и женска конкуренција ќе се прогласи клуб кој освои најмногу бодови од поединечните и екипните државни натпревари. Ако повеќе екипи имаат ист вкупен број бодови, подобар пласман ќе има екипа која има подобар пласман во генералниот пласман од поединечните државни натпревари.

Член 9

За трите првопласирани екипи во генерален пласман од страна на ЏФСМ, на свечен начин ќе им бидат доделени пехари и дипломи. (Одлука за доделување на наградите донесува Извршниот одбор).

Член 10

За рангирање на натпреварувачи на поединечните првенства ќе се применува по табелата:

| | Сениори | | | | | Пом. Сениори | | | | | Јуниори | | | | | Кадети | | | | | Пионери ( U16 ) | | | | | Пом пионери ( U14 ) | | | | | Деца ( U12) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Место | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 |
| Државно првенство | 16 | 8 | 4 | | | 14 | 7 | 3.5 | | | 12 | 6 | 3 | | | 8 | 4 | 2 | | | 4 | 2 | 1 | | | 3 | 1.5 | 1 | | | 2 | 1 | 0.5 | | |
| Балканско првенство | 64 | 32 | 16 | | | 56 | 28 | 14 | | | 48 | 24 | 12 | | | 32 | 16 | 8 | | | 16 | 8 | 4 | | | 12 | 6 | 3 | | | 8 | 4 | 2 | | |
| Џудо млади надежи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 26 | 13 | 6.5 | | | 22 | 11 | 5.5 | | | | | | | |
| Континентален (европски ) куп | 128 | 64 | 32 | 16 | 8 | 112 | 56 | 28 | 14 | 7 | 96 | 48 | 24 | 12 | 6 | 64 | 32 | 16 | 8 | 4 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Европски Олимписки Фестивал EYOF | | | | | | | | | | | | | | | | 96 | 48 | 24 | 12 | 6 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Младински олимписки игри YOG | | | | | | | | | | | | | | | | 112 | 56 | 28 | 14 | 7 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Медитерански игри | 142 | 72 | 36 | 16 | 8 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Континентален опен | 160 | 80 | 40 | 20 | 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Гранд при | 192 | 96 | 48 | 24 | 12 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Гранд слем | 224 | 112 | 56 | 28 | 14 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Континентално ( Европско )првенство | 256 | 128 | 64 | 32 | 16 | 224 | 112 | 56 | 28 | 14 | 192 | 96 | 48 | 24 | 12 | 128 | 64 | 32 | 16 | 8 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Мастерс | 384 | 192 | 96 | 48 | 24 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Светско првенство | 512 | 256 | 128 | 64 | 32 | | | | | | 384 | 192 | 96 | 48 | 24 | 256 | 128 | 64 | 32 | 16 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Олимписки игри | 1024 | 512 | 256 | 128 | 64 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Член 10-а

Доколку два или повеќе спортисти имаат ист вкупен број на бодови, предност има спортистот кој подобар пласман од поединечните државни првенства.
Доколку и по овој критериум постои изедначеност, предност ќе има спортистот што има :
- Поголем број на освоени 1-ви места
- Поголем број на освоени 2-ри места
- Поголем број на освоени 3-ти места
Доколку и понатаму постои изедначеност, предност ќе има спортистот кој има освоено повеќе бодови во повисока возрасна категорија.

Член 11

За рангирање на натпреварувачите кои настапиле во составот на државната репрезентација во екипна конкуренција ќе се применува начинот на рангирање согласно со член 10 од правилникот

Член12

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка предвиден за негово донесување.

Член13

Толкување на Правилникот дава Извршниот одбор на ЏФСМ.

Член 14

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето.

Претседател,

Владимир Трпаноски